Врз основа на член 156, член 157, член 158, член 162, 164-б, 164-в и 164-г од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22)**,** член 30 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје, Согласност за унапредување од Министерството за финансии бр. 18-6711/2 од 13.06.2023 година, Директорите на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје на ден 28.07.2023 објавуваат:

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2023

за унапредување на здравствен работник

1. **ЗДР 03 01 А01 006, Раководител на оддел за дијагнистички неинвазивни методи и специјалистичко-субспецијалистичка дејност, ниво А1, Оддел за дијагнистички неинвазивни методи и специјалистичко-субспецијалистичка дејност, - 1 (еден) извршител.**

   Посебни услови:

   - Стручни квалификации: ниво на квалификациите стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, - Високо образование,
   - да има најмалку пет години работно искуство во струката
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
   - познавање на еден од трите најчесто користени јазци на Европската унија (Англиски, Француск, Германски)
   - да е доктор на медицина специјалист или супспецијалист.

   Други посебни услови:

   - Лиценца за работа, специјализација по интерна медицина, со или без супспецијализација по кардиологија.

   Распоред на работно време

   - Работни часови неделно 40

   Нето месечно плата: 63.492,00 денари за доктор на медицина специјалист и 69.080,00 денари за доктор субспецијалист

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат и следните општи услови утврдени со член 31 став 1 од Закон за административни службеници:

- Да е државјанин на Република С.Македонија,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место и

- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави здравствен работник, вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за унапредување на работно место пропишани за соодветното ниво во законот и во актот за систематизација, како и:

- да поминал најмалку две години во непосредно пониско работно место од работното место за кое е објавен интерниот оглас и
- да не му е изречена дисциплинска мерка или мерка за намалена работна успешност во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите потребно е да поднесат пријава на службената електронска адреса на Одделението за човечки ресурси covecki-resursi@kardiologija.mk со назнака за интерен оглас и пополнета пријава со докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје до Одделение за човечки ресурси и прилог на пријавата следните документи во оригинална форма или копија заверена на нотар:

- пријава со податоци,
- кратка биографија (CV),
- уверение за државјанство на РСМ, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- лекарско уверение, не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- диплома или уверение со просечен успех, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- уверение дека не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност, не постаро од 6 месеци (оригинал или фотокопија заверена на нотар),
- уверение за специјалист/субспецијалист од соодветната специјалност, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- лиценца за работа, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- доказ за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски),
- доказ за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за редовен работен однос со работно искуство (специјалист/субспецијалист)
- Потврда дека не е изречена дисциплинска мерка или мерка за намалена работна успешност во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавата со потребните документи изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на интерниот оглас. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

По извршената селекција на пријавените кандидати за работното место, директорите на клиниката ќе спроведат интервју со кандидатите.
Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на рагледување.

Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од понатамошната постапка по интерен оглас.

Подготвил,
Данче Митрева

**ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје**

**Медицински Директор,**
**Д-р.Жан Зимбаков др сци__________**

**В.Д. Организациски Директор/ U.D Drejtor Organizativ,**

**Jurist i dipl. Abdusamed Shabani _____________**

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА**
**ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА КАРДИОЛОГИЈА**

До
Одделение за управување на човечки ресурси

1. Име и презиме_________________________________________________________, вработен/а во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје.

2.Тековно работно место __________________________________________ во Одделение за_____________________________________________Сектор за______________________________

3.Звање и шифра_______________________________________________, број и датум на последното решение на тековното работно место____________________________________.

4.Степен и вид на образование__________________________________________

5.Работно искуство___________________________________(година, месец).

6. Оцена при последното оценување_______________________________________.

7. Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавување на интерниот оглас (заокружете) ДА НЕ

8. Работното место за кое аплицира:

- Реден број на работното место________________________________________
- Назив и шифра ________________________________________

9. Дополнително ги доставувам и следните документи и докази:
______________________________________________________________________________

10. Документите со кои потврдувам дека ги исполнувам општите и посебните услови се наоѓаат во моето персонално досие во Одделението за управување со човечки ресурси.

11. Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази во оргинал или копија заверена кај нотар.

12.Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

**Датум на пријавување**

**Подносител**
**Име и презиме**